**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Национален совет за евроинтеграции**
бр. 30- 2215/1
14 мај 2009 година

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Бр.0202-415
14 мај 2009 година

Почитувани,

Националниот совет за евроинтеграции продолжува со организирање на јавни расправи за законите за кои е неопходна поширока дебата, а која ќе овозможи донесување на квалитетни закони и квалитетна подготовка за прифаќање на обврските од членството на Република Македонија во Европската унија.

Во таа насока, Националниот совет за евроинтеграции заедно со Заедницата на единиците на локалната самоуправа имаат чест да Ве поканат да учествувате на:

**Јавната расправа по предлог-законот за меѓуопштинска соработка**

Јавната расправа ќе се одржи на **19 мај (вторник) 2009 година,** со почеток **во 14.30 часот,** во **Собранието на Република Македонија** (сала Борис Трајковски).

Јавната расправа е можност да ги претставите Вашите согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на меѓуопштинската соработка како и можност за изнесување на предлози и забелешки на одредбите на предлогот на законот.

Во прилог Ви се доставува предлогот на законот за меѓуопштинска соработка доставен од Владата на Република Македонија.

Ве молиме Вашето учество да го потврдите најдоцна до 18 мај 2009 година на email: nsei@sobranie.mk, тел. 3113 539, лице за контакт Весна Марашевиќ.

Со почит,

**Претседател на**
**Националниот совет за евроинтеграции**

**Радмила Шекеринска**

**Претседател на**
**Заедницата на единиците на локалната самоуправа**

**Коце Трајановски с.р.**

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ